3. XI. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]

НА СОЦИЈАЛИС[ТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Вторник, 24 октомври 1989
Скопје
Број 38 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 370.000 динари. Овој број чини 8.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**686.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на следниве општини:

| | |
|---|---|
| Кратово | 520.000.000 динари |
| Берово | 600.000.000 динари |

2. Средствата од точката 1 на оваа одлука општините ќе ги вратат најдоцна до 15 јануари 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу собранијата на општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2206/1
17 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**687.**

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен весник на СРМ“ бр. 39/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЗДРАВСТВЕНА КОНТРОЛА НА РАСТЕНИЈАТА КОИ СЕ ИЗВЕЗУВААТ

I

Задолжителната здравствена контрола на пратките на растенијата што се извезуваат од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а се товарат на територијата на Социјалистичка Република Македонија, ја врши Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За задолжителната здравствена контрола на пратките на растенијата од став 1, се плаќа надоместок кој во зависност од видот на пратката изнесува:

1. За вагонски и камионски пратки и за пратки во контејнери до 10 тони — 20.000 динари, а за секој натамошен (започнат) тон уште по 2.000 динари;

2. За денковни и авионски пратки до три колети — по 6.000 динари, а за секој натамошен колет — уште по 300 динари;

3. За поштенски пратки до десет килограми — 3.000 динари, а за секој натамошен килограм уште по 300 динари;

4. За пратки на дрво (трупци, режана граѓа, јамско дрво, разни видови на преработки од дрво и слично), 300 динари за секој кубен метар, а за пратки на целулозно и огревно дрво 200 динари за секој кубен метар.

Надоместокот за задолжителна здравствена контрола на семе и саден материјал се зголемува за 100% од висината на надоместокот утврден во точките 1, 2, 3 и 4 од дел I на оваа одлука.

Ако извозникот бара да се изврши преглед на амбалажата за стока што не подлежи на задолжителна здравствена контрола, плаќа надоместок како за вагони односно камионски пратки.

II

Ако овластеното лице на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, излезе на лице место на повик од извозникот во определеното време, а извозникот навреме не ја подготвил пратката за задолжителна здравствена контрола, тој е должен на име дангуба, на овластеното лице да му плати по 15.000 динари по еден час чекање.

III

Ако прегледот на пратките на растенијата од точките 1, 2, 3 и 4 од дел I на оваа одлука се врши ноќе и во денови на државен празник, износот на надоместокот се зголемува за 100%.

IV

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот за вршење задолжителна здравствена контрола на растенијата кои се извезуваат („Службен весник на СРМ“ бр. 8/89).

V

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2163/1
19 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**688.**

Врз основа на член 179 став 2 и 4 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80, 28/88) и член 6 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, на функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 16/86, 40/86 и 31/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија на седницата одржана на 6 октомври 1989 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и

раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ број 28/87, 6/88, 5/89) во членот 16 зборот „тромесечно“ се заменува со зборот „месечно“,а зборовите „претходното тримесечје“ се заменуваат со зборовите „претходниот месец“.

Член 2

Во членот 27 став 1 точка 1 зборовите „во претходниот пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во точка 3 зборовите „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во точка 5 зборовите „во претходната година“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во точка 7 зборовите „претходната периодична пресметка односно завршна сметка“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 28 август 1989 година.

Бр. 17-2159/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**689.**

Врз основа на член 3 од Одлуката за образување и состав на Комисијата на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за нуклеарна енергија („Службен весник на СРМ“ бр. 23/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА

1. Од функцијата членови на Комисијата за нуклеарна енергија, поради заминување на други должности од должноста од која се именувани се разрешуваат:

— д-р Тито Беличанец,

— д-р Срѓан Керим.

2. За членови на Комисијата за нуклеарна енергија се именуваат:

— д-р Јанко Обочки, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика;

— д-р Љубица Ажиевска, продекан на Машинскиот факултет во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-2157/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**690.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. За помошник на републичкиот секретар за народна одбрана се назначува м-р Алекса Стаменковски, советник на републичкиот секретар за народна одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2160/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**691.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Се разрешува од должноста советник на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Извршниот совет на Собранието на СРМ, Марија Цветкова Попова, заклучно со 30 септември 1989 година, на нејзино барање.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2161/1
6 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**297.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81), член 47 точка 5 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, („Службен весник на СРМ“ бр. 10/87), Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 17 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЕДНОКРАТНА ВОНРЕДНА ИСПЛАТА НА ДОДАТОК НА ДЕЦА ВО МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Заради заштита на животниот стандард на корисниците на додаток на деца во месец ноември 1989 година да се изврши еднократна вонредна исплата на додаток на деца во следните износи:

| Возраст | Цензусни групи | |
|---|---|---|
| | I | II |
| Деца од предучилишно и основно — училишна возраст | 430.000 | 344.000 |
| За деца во средно образование | 574.000 | 430.000 |
| Деца редовни студенти на виши и високи школи | 860.000 | 720.000 |

Член 2

Исплатата на вонредниот износ на додаток на деца ќе се изврши во месец ноември заедно со исплатата на редовниот износ на додаток на деца од страна на стручните служби на општинските СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата без донесување на посебни решенија.

Член 3

Оваа исплата ќе влезе при утврдување на основицата за наредната година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-1223/2
17 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**298.**

Врз основа на член 3 став 2 од Самоуправната спогодба за изедначување на критериумите и висината на учеството во опремување на новороден дете и посебен додаток во СРМ, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 17 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЕДНОКРАТНА ВОНРЕДНА ИСПЛАТА ЗА ПОСЕБЕН ДОДАТОК ВО МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Заради заштита на животниот стандард на децата со тешки, потешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развиток — корисници на посебен додаток, во месец ноември да им се исплати еднократен износ од 860.000 динари.

Овој износ ќе влезе при утврдување на основицата за наредната година.

Член 2

Исплатата на утврдениот износ од член 1 на оваа одлука, ќе се изврши во месец ноември 1989 година, заедно со редовниот износ на посебен додаток.

Член 3

Исплатата ќе ја спроведат стручните служби на општинските СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата без донесување на посебни решенија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-1223/3
17 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**299.**

Врз основа на член 217 алинеја 5 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83) и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 29/89) и член 47 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 17 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ ПЛАН ЗА ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА АЛБАНСКИ, ТУРСКИ И СРПСКОХРВАТСКИ ЈАЗИК

Член 1

1. Во наставниот план за основно воспитание и образование на албански и на турски јазик предметот македонски јазик од I до VIII одделение се застапува со 3 часа неделно.

2. Предметот македонски јазик во наставниот план за основно воспитание и образование на српскохрватски јазик од V до VIII одделение се застапува со 3 часа неделно.

Член 2

Овие измени и дополнувања се применуваат од 1 октомври 1989 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1223/9
17 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

**300.**

Врз основа на член 217 алинеја 5 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и член 47 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 17 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УСОВРШЕН НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Член 1

Се донесува усовршениот наставен план и следните програми за основното образование на возрасните:

1. Програма по македонски јазик за основно образование на возрасните;
2. Програма по турски јазик за основно образование на возрасните;
3. Програма на албански јазик за основно образование на возрасните;
4. Програма по македонски јазик за основно образование на возрасните на албански и турски јазик;
5. Програма по математика за основно образование на возрасните;
6. Програма по историја за основно образование на возрасните;
7. Програма по географија за основно образование на возрасните;
8. Програма по социјалистичко самоуправување за основно образование на возрасни;
9. Програма по одбрана и заштита за основно образование на возрасните;
10. Програма по физика за основно образование на возрасните;
11. Програма по хемија за основно образование на возрасните;
12. Програма по биологија за основно образование на возрасните;

13. Програма по странски јазици за основното образование на возрасни.

Член 2

Усовршениот наставен план и програмите наведени во член 1 од оваа одлука ќе отпочнат да се применуваат од почетокот на учебната 1990/91 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 11-1223/15
17 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**301.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 51 и 193 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита на седницата одржана на 20 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

1. Со оваа Одлука се врши следната измена на Одлуката за утврдување на висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 27/89).

1) Во точка 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци; и

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-422/1
20 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Панче Маџароски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**302.**

Врз основа на член 31 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" број 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии без додаток на пензијата, минималните старосни и семејни пензии остварени според Законот за старосното осигурување на земјоделците, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот надоместок до вработување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој, акontативно се усогласуваат со порастот на номиналните лични доходи во 1989 година за 40 насто.

Процентот на усогласување на пензиите и другите пензиски примања усогласени според оваа одлука и одлуките за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 9/89, 19/89, 23/89, 26/89, 32/89 и 35/89) сметано од 1 јануари 1989 година изнесува 692,12 насто.

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1989 година.

Член 2

Како основица за определување на усогласувањето од член 1 став 1 на оваа одлука претставува износот на пензијата, материјалното обезбедување, односно паричниот надоместок усогласен според Одлуката за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 35/89).

Член 3

На учесниците од НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход на корисниците со право на најнизок износ на пензија и додаток на пензијата.

Член 4

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1989 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1989 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1989 година зголемен за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 5

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1989 година, односно чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи, односно основици на осигурување остварени во 1989 година.

Член 6

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 37/80 и 24/88) како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1989 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" бр. 19/89 и 35/86).

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 8

При постоење на повеќе корисници на семејна пензија по едно решение се сметаат како еден корисник, кога се работи за усогласување на пензијата според оваа одлука.

Член 9

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 10

При конечното усогласување на пензиските примања ќе се земе предвид усогласувањето според оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 16-2995/1
13 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

**303.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ОД 1 ОКТОМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Најнискиот износ на старосна пензија од 1 октомври 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена), во висина од 3.100.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 2.450.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 2.100.000 динари.

Член 2

Најнискиот износ на инвалидска пензија од 1 октомври 1989 година се утврдува:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно над 25 години (жена), во висина од 3.100.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), во висина од 2.450.000 динари;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), во висина од 2.100.000 динари.

Член 3

Најнискиот износ на семејна пензија се утврдува во висина на најнискиот износ на старосна односно најнискиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

Член 4

Исплатата на најнискиот износ на пензија според оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на решение.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година.

Бр. 16-2997/1
13 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

**304.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ОД 1 ОКТОМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Граничниот износ на најниското пензиско примање кој служи за определување додаток на пензијата од 1 октомври 1989 година се определува во висина од 3.100.000 динари.

Член 2

На досегашните корисници на додаток на пензијата по службена должност ќе им се определи нов износ на додаток на пензијата според износот од член 1 на оваа одлука.

Член 3

При признавањето право на додаток на пензијата се зема во предвид граничниот износ на најниското пензиско примање определено со оваа одлука и усогласената пензија определена според стажот и личниот доход согласно донесените одлуки за усогласување на пензиите до денот на признатото право.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година.

Бр. 16-2996/1
13 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

**305.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ОД 1 СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за граничниот износ на најниското пензиско примање од 1 септември 1989 година („Службен весник на СРМ" број 35/89) во член 1 бројката „1.850.000" се заменува со бројката „2.300.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 16-2998/1
13 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

**306.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 4/89) и член 45 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 22/89), Извршниот одбор на Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ОД 1 СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за најнизок износ на пензија („Службен весник на СРМ" бр. 35/89) во член 1 се вршат следните измени:

— во првата алинеја бројката „1.850.000" се заменува со бројката „2.300.000".

— во втората алинеја бројката „1.550.000" се заменува со бројката „1.800.000" и

— во третата алинеја бројката „1.300.000" се заменува со бројката „1.560.000".

Член 2

Во член 2 се вршат следните измени:

— во првата алинеја бројката „1.850.000" се заменува со „2.300.000".

— во втората алинеја бројката „1.550.000" се заменува со „1.800.000" и

— во третата алинеја бројката „1.300.000" се заменува со „1.560.000".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

Бр. 16-2999/1
13 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Илиоски,** с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**307.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 15, став 12 од Самоуправната спогодба за здружување во Здружена СИЗ за социјална заштита, на град Скопје, Собранието на Здружената СИЗ за социјална заштита на град Скопје, на седницата одржана на 18 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРУЖЕНАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се врши следната измена на Одлуката за утврдување на висината на придонесите на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје, („Службен весник на СРМ" бр. 27/89).

1) Во точка 2 ставот 1 се менува и гласи:

„основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-718
18 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Драгослав Копачев,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

**308.**

Врз основа на член 100, 101 и 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88) член 161 став 1 точка 6 и член 237 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита Гостивар, Собранието на Заедницата на седницата на Соборот на делегати корисници на услуги — работници и Соборот на делегати даватели на услуги, одржана на 16 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ (ЗДРУЖУВАЊЕ) НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стапката за обезбедување (здружување) на средства за здравствена

заштита на работниците за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 7/89 и 30/89) членот 1 бројот „8,50%“ се заменува со „10,50%“, бројот „4%“ се заменува со „5%“ и бројот „4,50%“ се заменува со „5,50%“.

Член 2

Во членот 2 став 1 бројот „9%“ се заменува со „11%“.

Во членот 2 став 2 износот „300.000“ се заменува со износот „2.000.000“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-493/7
16 октомври 1989 година
Гостивар

Претседател,
**Јашар Адили,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕМИР ХИСАР

**309.**

Врз основа на член 225-ѓ од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 22/89) и член 63 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Демир Хисар, Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Демир Хисар, на седницата одржана на 12 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ДЕМИР ХИСАР

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Демир Хисар престанува со работа сметано од 12 октомври 1989 година.

Член 2

Правата, обврските на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 458/1
12 октомври 1989 година
Демир Хисар

Претседател,
**Владо Стефановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

**310.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 80 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на здравство и здравствено осигурување, Собранието на ОСИЗ за здравство и здравствено осигурување — Крива Паланка, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

При остварување на здравствена заштита во друго место од подрачјето на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и втора класа во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин определен од претходниот став, на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во висина на стварните трошоци.

Член 2

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

— 28.700 динари на лица упатени во места на територијата на СРМ;

— 33.500 динари, на лица упатени во место надвор од територијата на СРМ.

За деца до 15 годишна возраст се исплатува надомест за исхрана и сместување за време на патување и престој во висина од 50% од износот определен во претходниот став.

Член 3

Надоместокот на трошоците од член 1 и 2 ќе се исплатуваат и за осигурените лица од земјоделска дејност.

Член 4

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-820 од 20. XII. 1988 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-551
2 октомври 1989 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

**311.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), член 83—89 од Статутот на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување — Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување — Крива Паланка, на седницата на сите собори одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ЗАКОП НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица изнесува:

1. во случај на смрт на осигурено лице до едногодишна возраст, 397.600 динари;
2. во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 години возраст, 632.400 динари;
3. во случај на смрт на осигурено лице од 7 до 15 години возраст, 871.900 динари;
4. во случај на смрт на осигурено лице на возраст над 15 години, 1.130.600 динари.

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз на осигурено лице умрено вон општината за време додека престојувало таму, ќе се исплатува во висина од 9.500 динари за секој изминат километар до местото на живеење на осигуреното лице.

Член 3

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на неговото семејство им припаѓа надоместок на посмртна помош во висина од еднократен износ од основот на надоместокот на личниот доход пропишан со Законот за здравствена заштита.

Член 4

Надоместоците на трошоците од член 1 и 2 ќе се исплатуваат и за осигурените лица од земјоделска дејност, а надоместокот од член 3 и за корисниците на старосна и семејна минимална земјоделска пензија остварени по Законот за старосно осигурување на земјоделците.

Член 5

Ако закопот на осигуреното лице го изврши работна или друга организација, на истата ѝ припаѓа надоместок на трошоците за помош во висина предвидена во член 1 од оваа одлука.

Член 6

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице, бр. 01-819 од 20. XII. 1988 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-550
2 октомври 1989 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

**312.**

Врз основа на член 198 од Статутот на ОСИЗ за здравство и здравствено осигурување — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за здравство и здравствено осигурување — Крива Паланка, на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА ОСИЗ И РАКОВОДИТЕЛ НА РАБОТНА ЗАЕДНИЦА

1. За секретар на Собранието на ОСИЗ и раководител на Работната заедница се именува Благој Младеновски, дипломиран правник од Крива Паланка.
2. Ова решение ќе се применува од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10-571
13 октомври 1989 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — СТРУМИЦА

**313.**

Врз основа на член 162 точка 6 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита — Струмица, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Струмица, на заедничка седница на соборите, одржана на 16 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ

Член 1

Стапките на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година на подрачјето на општина Струмица, се определуваат во висина од 11% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапките на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4,30%;

— стапките на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравствено осигурување — 6,70%.

Член 2

Стапките на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, се определува во висина од 0,60%;

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход. Основицата кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Член 3

Посебниот придонес на користење на здравствена заштита во странство за деташирани работници, се определува во висина од 24% од просечниот нето личен доход остварен во матичната организација на работникот за претходната година.

Член 4

Стапките на придонесот за здравствена заштита на лицата што се привремено без работа, се определува во износ од 22,40% од нето примањата на надоместокот.

Основицата за пресметување на придонесот за здравствена заштита ја сочинуваат просечниот износ на име паричен надоместок на привремено безработните лица.

Член 5

Стапките на придонесот за здравствена заштита на лицата — работници, вработени кај самостојни работници, се определува во висина од 22,40% од нето личниот доход.

Член 6

За лицата кои работат по основ по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и професионално заболување во износ од 0,96% од бруто личниот доход за извршената работа по договор за дело, како и за повремени работници кои работат на продолжена работа.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за продолжување важноста на Одлуката за стапките на придонес за здравствена заштита на работниците и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство во 1988 година и во 1989 година бр. 02-192/1 од 27. II. 1989 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-967/1
16 октомври 1989 година
Струмица

Претседател,
**Васил Гошев,** с. р.

**314.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита и член 163 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струмица, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струмица, на седницата на 3 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНАТА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат правата, условите за стекнување и начинот на остварувањето право на надоместок на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на корисниците на права од здравствена заштита на ОСИЗ за здравствена заштита — Струмица.

Член 2

Висината на надоместокот на трошоците за закоп (погребни трошоци) на корисниците на здравствена заштита, се утврдуваат во износ:

1. во случај на смрт на дете до едногодишна возраст 400.000 динари;

2. во случај на смрт на дете над една до седумгодишна возраст 650.000 динари;

3. во случај на смрт на дете над седум до 15 годишна возраст 1.000.000 дин.; и

4. во случај на смрт на корисник на здравствена заштита на возраст над 15 години — 1.500.000 динари.

Член 3

На издржуваните членови на семејството на умрениот осигуреник им припаѓа посмртна помош во едномесечен износ, под условите и износите предвидени во Статутот на Заедницата.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои го извршиле закопот на умрениот корисник, врз основа на изводот од матичната книга на умрените и здравствената легитимација на осигуреното умрено лице.

Член 5

Барањето за наплата на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош стасува на денот на смртта на корисникот на права од здравствена заштита.

Член 6

Надоместокот во оваа одлука ќе се исплатува за случаите кои ќе настанат од денот на нејзината примена.

Член 7

Од денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош за корисниците на права од здравствена заштита од 28. XII. 1988 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-966/1
16 октомври 1989 година
Струмица

Претседател,
**Васил Гошев**, с. р.

**315.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита и член 163 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струмица, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струмица, на соборот на делегатите — корисници на услуги — работници, на седницата, одржана на 3 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — КОРИСНИЦИ РАБОТНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се одредува начинот и употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и висината на надоместокот на трошоците на исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита што им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случаите кога користат здравствена заштита на начинот пропишан со Законот, Статутот и Правилникот за начинот на остварувањето на здравствената заштита на Заедницата.

**Надоместок на превозни трошоци**

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица за случаите предвидени во Статутот на Заедницата во висина на тарифата за редовни средства на јавниот сообраќај.

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица и кога поради итноста на случајот, должината на превозот и здравствената состојба, по налог на лекар, лекарска комисија или здравствена организација, превозот може да се изврши и со други превозни средства.

Кога превозот во случај од претходниот став е извршен без претходен налог на лекар, лекарска комисија или здравствена организација, оправданоста на превозот на превозните средства, дополнително ја цени лекарската комисија со претходно прибавено мислење на лекарот, кој ја пружил здравствената заштита на осигуреното лице.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се одредува по правило според најкратката релација и тоа на основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основната тарифа на јавниот сообраќај се смета:

1. кога патувањето се врши со железница, осигуреното лице има право на полната цена на износот на брзи воз од II класа;

2. кога патувањето се врши со автобус, осигуреното лице има право на полн износ на цена на износот на превозот;

3. кога патувањето се врши во речниот и поморскиот сообраќај, осигуреното лице има право на полната цена на износот од II класа.

Кога на иста релација постојат железнички, автобуски и бродски сообраќај, осигуреното лице има право на надоместок на превозните трошоци по најкратката релација и по најниска тарифа.

Ако превозот е извршен во смисла на член 2 став 2 од оваа одлука, надоместокот на трошоците на превоз им припаѓа на осигуреното лице најмногу до 15% од цената на бензинот за секој изминат километар, кога возилото за брза помош не било во состојба да го изврши превозот.

Член 4

Иако осигуреното лице по посебни прописи има право на бесплатно возење и користење на превозните средства на јавниот сообраќај, не му припаѓа надоместок на трошоците за превоз.

Член 5

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита надвор од одредбите на правилникот, за начинот на користење на здравствена заштита или избор со изјава, не му припаѓа надоместок на патни и дневни трошоци.

Член 6

Налог, односно упат за упатување во други места поради специјалистички прегледи, важи по правило само за едно патување. Доколку лекарот-специјалист, кај кој осигуреното лице е упатено, најде дека е потребно испитување и лекување и кај други специјалисти, упатот важи за сите останати прегледи.

**Висина на надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во други места**

Член 7

Надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на осигуреното лице припаѓа и тоа:

1. во подрачјето на општинската заедница, ако во еден правец е подалеку од 15 км. во износ од 10.000 динари;

2. во сите други места во СР Македонија, во износ од 20.000 динари;

3. во Скопје, во износ од 30.000 динари;

4. во други места во другите републики и републички центри 35.000 динари.

Кога осигуреното лице го задржи здравствена работна организација повеќе од 1 ден на амбулантно-поликлиничко лекување, во тој случај осигуреното лице има право на надоместок на оние трошоци за исхрана и сместување, покрај надоместокот предвиден во претходните точки 2 и 3 плус по 30.000 динари за секој ден.

За лица до навршена 7 годишна возраст, ќе се исплатува 50% од износот предвиден во точките 1 и 3 од овој член.

Член 8

Барањето за надоместокот на трошоците за превоз и барањето за надоместок на име дневница, исхрана и сместување, стасува првиот нареден ден по извршеното лекување, односно патување.

Член 9

Надоместокот со оваа одлука ќе се исплатува за осигурените случаи кога ќе настанат од денот на нејзината примена.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-965/1
16 октомври 1989 година
Струмица

Претседател,
**Васил Гошев,** с. р.

---

**316.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85 и 50/87), Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Струмица, на заедничка седница на сите собори, одржана на 16 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УЧЕСТВО ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат видовите и износите на учеството на корисниците во трошоците при користење на здравствена заштита, корисниците кои се ослободуваат од учество и местото и начинот на плаќање на учеството и другите прашања од значење за спроведување на Одлуката.

Член 2

Корисниците учествуваат во трошковите при користење на здравствена заштита и тоа за:

1. лекови 50% од цената на издадениот лек (рецепт со 1 лек) во аптеките и амбулантите;

2. секој лекарски преглед кај општ лекар 50% од цената на прегледот, утврдена со самоуправниот општ акт на Републичката СИЗ за здравствена заштита — Скопје;

3. секој специјалистички лекарски преглед 50% од цената на прегледот утврдена со самоуправен општ акт на Републичката СИЗ за здравствена заштита — Скопје;

4. секоја здравствена услуга од амбулантна дејност 50% од цената на услугата, утврдена со самоуправен општ акт на Републичката СИЗ за здравствена заштита — Скопје;

5. болничко лекување 20% од цената на вкупните трошоци од стационарното лекување.

6. продолжено лекување во центри за рехабилитација кои во лекувањето не применуваат природен фактор 20% од цената на болничкиот ден утврдена со самоуправен општ акт на Републичката СИЗ за здравствена заштита — Скопје;

7. здравствени услуги и лекување од труење со алкохол 100% од направените трошоци за лекување, освен хроничните алкохоличари;

8. вештачко прекинување на бременоста од немедицински причини, освен за жените кои имаат над 3 деца 50% од цената утврдена со самоуправен општ акт на Републичката СИЗ за здравствена заштита — Скопје;

9. протетички и ортотички средства, очни и слушни помагала и забно-протетски средства за корисниците — земјоделци кои се изедначени со корисниците — работници, според Статутот на ОСИЗ колку што ги остваруваат корисниците — работници.

Член 3

Од учество се ослободуваат и тоа:

— децата до 6 годишна возраст за лекарства и трошоците за целата здравствена заштита;

— децата и школските деца над 6 годишна возраст до 15 годишна возраст од трошоците за здравствена заштита, освен за лекарствата;

— школските деца и школската младина над 15 години возраст до 20 годишна возраст, само на протетички и ортотички средства, очни и слушни помагала и забно протетички средства.

Член 4

Од учество во трошоците, се ослободуваат следните корисници на здравствена заштита:

— жените во врска со бременоста, породувањето, мајчинството и планирање на семејството, освен во случај на прекин на бременоста;

— корисниците во врска со лекување на малигните болести, прогресивни, нервни-мускулни заболувања, церебрална парализа, мултиплекс склероза, цистични фибрози и хемофилијата;

— корисници во врска со лекувањето од заразни заболувања, ревматска грозница и нејзините компликации, шеќерната болест, бубрежната инсуфициенција, душевните болни кои можат да го загрозат животот на друг во околината, освен за ортопедските средства и помагала.

Член 5

Учество во трошоците при користењето на здравствената заштита утврдено со оваа одлука, корисниците го плаќаат непосредно во здравствената организација, односно друга организација во која користат здравствена заштита.

Средствата кои здравствената, односно друга организација ги наплати на име на учество, се приходи на Заедницата за здравствена заштита — Струмица.

За наплатениот износ на учеството во трошоците при користење на здравствена заштита надвор од подрачјето на ОСИЗ за здравствена заштита — Струмица, од страна на организациите, истите ја смалуваат пресметката на своите услуги на оваа заедница за здравствена заштита.

Член 6

Ослободувањето од учество на корисниците се врши врз основа на потврда издадена од ОСИЗ за здравствена заштита и здравствените легитимации или со ознака на задната страна на рецептот или упатот со потпис и печат на лекарот или службеникот на стручната служба на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Струмица.

Член 7

Оваа одлука ќе се применува од денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-969/1
16 октомври 1989 година
Струмица

Претседател,
**Васил Гошев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**317.**

Врз основа на член 106 и 107 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" број 9/78, 43/78 и 35/85) и член 14 од Статутот на Општинската СИЗ за социјална заштита — Радовиш, Собранието на СИЗ за социјална заштита на седницата одржана на 13 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

1. Со оваа одлука се врши следната измена на Одлуката за утврдување на висината на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита („Службен весник на СРМ" број 27/89).

1) Во точка 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд преставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци; и

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-51
10 октомври 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Павлина Стефанова**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**318.**

Врз основа на член 25 од Статутот на СИЗ за социјална заштита — Тетово, Извршниот одбор на заедницата на седницата одржана на 19 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

1. Со оваа одлука се врши следната измена на Одлуката за утврдувањето висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" бр. 27/89).

Во точка 3 ставот 1 се менува во целост и сега гласи:

Основицата за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци; и

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријални трошоци.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година

Бр. 08-37/2
19 октомври 1989 година
Тетово

Претседател,
**Беќир Адеми**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води спор за долг помеѓу тужителот Југобанка — Основна банка — Скопје и тужената Јорданова Радмила, со непознато место на живеење. Вредност на спорот 8.316.940 динари. Во смисла на чл. 84 од ЗПП, на тужената ѝ е поставен за привремен застапник адвокатот Јордан Стојанов од Скопје, кој ќе ја застапува сè додека таа или нејзиниот полномошник не се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XII. П. бр. 1152/89. (166)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за долг по тужбата на тужителот Југобанка Основна банка — Скопје, против тужената Демирова Бинас. Вредност на спорот 1.757.248 динари.

Се повикува тужената Демирова Бинас од Скопје, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во судот или во истиот рок, да ја достави својата сегашна адреса на живење. Доколку не се јави во рок од 30 дена, на истата ќе ѝ биде поставен привремен застапник во смисла на чл. 84 од ЗПП.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, II. П. бр. 2308/89. (165)

---

Во овој суд е заведен спор за укинување на издршка по тужбата на тужителот Илијевски Славе од Скопје, ул. „Ангел Димовски" бр. 4/1-33, против тужената Илијевска Дијана од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна сегашна адреса на живеење.

Доколку во рок од 30 дена не се јави ќе ѝ биде одреден привремен старател во смисла на чл. 84 од ЗПП, кој ќе ги застапува нејзините интереси во постапката до окончувањето на спорот или до појавувањето на тужената во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 1659/89. (167)

ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред Општинскиот суд во Битола по предлог на Спаса Тасевска од с. Велушина — Битолско се води спор за докажување на смртта на противникот Груевски Николовски Анѓеле од с. Велушина.

Се повикува лицето Груевски Николовски Анѓеле од с. Велушина, со последно место на живеење во САД, роден на 1 XI. 1898 година, кој во текот на 1924 година заминал во САД, со непознато место на живеење, а за чиј живот во последните пет години нема никакви вести, да се јави во Општинскиот суд во Битола. Истовремено се повикува секое лице кое нешто знае за неговиот живот, да јави на овој суд.

Доколку во рок од три месеци не се јави на огласот во „Службен весник на СРМ", судот ќе донесе одлука по предлогот за прогласување на исчезнатиот Груевски Николовски Анѓеле за умрен.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП. бр. 357/89.

ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред Општинскиот суд во Кочани е заведен спор за утврдување на оставинска постапка, по тужбата на тужителот Митев Лубе од с. Горни Подлог, под-

несена преку полномошникот, адвокатот Методи Костадинов од Кочани, против тужените Митев Стојан и Митев Благоја и двајцата од с. Горни Подлог.

Се повикува тужениот Стојан Митев, да се јави во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ во Општинскиот суд во Кочани и во истиот рок, да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во определениот рок ќе биде застапуван од привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Кочани, П. бр. 507/84.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор за купопродажба по тужбата на тужителот Шаќири Шаќир Несет од с. Порој, против тужениот Шасивари Таип Ахмет од с. Непроштено, сега со непозната адреса во СР Германија.

Се повикува тужениот Шасивари Таип Ахмет од с. Непроштено, сега со непозната адреса во СР Германија, да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, да ја достави неговата адреса или, пак, постави свој полномошник кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката. Во спротивно, судот на истиот ќе му постави привремен старател.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 186/89.

---

Пред овој суд се води вонпроцесна постапка по предлог на предлагачот Амити Неџат од с. Слатина, за прогласување на исчезнато лице за умрено, сега покојниот Мисими Аки од с. Слатина.

Се повикува лицето Мисими Аки од с. Слатино — Тетовско, да се јави во рок од 60 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, или некој друг што знае за неговиот живот.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 330/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за физичка делба на недвижен имот по предлог на Кипровски Игнат од Тетово, против Кипровски Благоја во Канада, Кузмановски Слободан во Канада, застапуван од Михајло Марковски, Кипровска Цвета од Тетово и Кипровска Славица од Тетово.

Се повикува лицето Кипровски Игнатов Благоја од Канада, со непозната адреса, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ пред Општинскиот суд во Тетово, или, пак, да одреди свој полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС. бр. 338/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за исплата на долг по тужбата на СИЗ за становање на општина Тетово, против тужениот Рамадани Аливеби од Тетово, а сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или овласти полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, ќе му постави привремен застапник кој ќе го застапува во постапката до нејзиното окончување.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1315/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за смеќавање на владение по тужбата на Зендели Шабан од с. Челопек, против тужениот Зендели Иљаз од с. Челопек, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Иљаз Зендели од с. Челопек, да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, или да одреди свој полномошник. Во спротивно, преку Центарот за социјална работа во Тетово, ќе му биде поставен привремен застапник, кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 742/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за измена на пресуда за законска издршка по тужбата на Зибери Рухиде и други од Тетово, против тужениот Зибери Гафур од с. Шипковица на привремена работа во СР Германија.

Се повикува тужениот Зибери Гафур, да се јави во рок од 30 дена во Општинскиот суд во Тетово, или да одреди свој полномошник кој ќе го застапува пред судот. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси се до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1522/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за утврдување на договор по тужбата на тужителите Али Исмани и Али Назми, двајцата од с. Камењане, против тужените Ќазими Бајрамали од с. Камењане и Таири Реметула од с. Камењане кој се наоѓа во Сојузна Република Германија со непозната адреса.

Се повикува тужениот Таири Реметула да се јави во рок од 15 дена во судот, да достави точна адреса и одреди полномошник кој ќе го застапува до правосилното окончување на постапката.

По истекот на рокот на тужениот ќе му биде поставен привремен старател преку Центарот за социјални работи — Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1523/89.

---

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Авзији род. Мерџани Атиџе од с. Одри — Тетовско, против тужениот Авзији Ќазим од с. Одри — Тетовско, сега со непозната адреса. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува тужениот Авзији Ќазим да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса, или постави свој полномошник. Доколку во овој рок тоа не го стори, судот ќе му постави привремен старател, кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1691/89

---

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 501 од 7. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-493-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Бајрам Шабани“, Ц. О., с. Грушино — Скопје со следните податоци: Се бришат Амзи Зимбери и Абдула Камбери, а се запишува новиот застапник Бислимов Наим, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 501/89. (237)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 496 од 2. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2036-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на РО Градежен училишен центар „Здравко Цветковски“ Ц. О. Скопје, ул. „Партизански одреди“ бр. 91.

Досегашниот в.д. директор Стојан Ристовски, се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 496/89. (258)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 643 од 6. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-68-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Центарот за рехабилитација и образование „Македонија“, Ц. О., Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 67, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Чабуковски Никола, директор, а се запишува новиот застапник в.д. директор Пушкоски Љубе, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 643/89. (264)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 658 од 26. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1488-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Работната организација за воспитување, образование и згрижување на децата од предучилишна возраст „Распеана младост“, Ц. О., Скопје, ул. „Руѓер Бошковиќ“ бб, со следните податоци: Досегашниот застапник в.д. директор Соња Петрова, се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 658/89. (265)

---

### ЗАГУБЕНИ ПЕЧАТИ

Тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: „Земјоделска задруга „Тополничка Река“ — с. Тополница — Радовиш се огласуваат за неважни.

Тркалезен печат и четвртаст штембил под назив: “Ф-ка „Братство“ — с Желино“ се огласуваат за неважни. (4841)

Печат под назив: „Индустрија за емајлирани и метални производи „Борис Кидрич“ — Струга — печат бр. 2“ се огласува за неважен. (4979)

Тркалезен печат под назив: „Сојуз на синдикатите на Македонија „Скопје“ — Основна организација на ССМ при ЖТО — ООЗТ — Влеча на возови — РЕ — Инвестиционо одржување на влечни средства“ се огласува за неважен. (4996)

Тркалезен печат под назив: РО за ПТТ „Македонија“ н. сол. о. со ООЗТ Скопје, ООЗТ за ПТТ сообраќај „Полог“ — Тетово, РЕ за вкупна ПТТ дејност Гостивар“ се огласува за неважен. (5143)

---

# Мали огласи

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Агрон Полоши, ул. „Ѓорче Петров“ бр. 80, Тетово. (4149)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Скендер Полаки, ул. „Ѓорче Петров“ бр. 80, Тетово. (4150)

Воена книшка на име Асат Мемети, с. Бозовце, Тетово. (4151)

Воена книшка на име Решат Џемаиљи, Тетово.

Чековна карта бр. 814-35 и чекови од број 3313103 до 3313109 на име Ибиш Љатифи, ул. „Питу Гули“ бр. 14/I-11, Куманово. (4163)

Работна книшка на име Али Селманов, Штип.

Работна книшка на име Нада Јанева, Радовиш.

Воена книшка на име Кенан Сулејмановски, ул. „Ужице“ бр. 37, Куманово. (4178)

Работна книшка на име Марјан Петровски, Куманово. (4179)

Работна книшка, на име Алампиоски Симе, с. Вир, Македонски Брод. (4180)

Воена книшка на име Неџади Исмаили, с. Ново Село II, Тетово. (4182)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Тетово на име Енвер Исмаили, с. Г. Палчиште, Тетово.

Работна книшка на име Марица Лазаревска, Куманово. (4190)

Работна книшка на име Енвер Рушити, Куманово

Работна книшка на име Мики Ангеловски, Кратово. (4192)

Работна книшка на име Нафија Демишкоски, с. Лабуништа, Струга. (4195)

Пасош на име Неат Мусаи, ул. „J. J. Штросмаер“ бр. 5, Струга. (4196)

Работна книшка на име Милан Пашајатов, Штип.

Одобрение бр. 15 У. П. бр. 4384 од 17 VII 1978 година за пиљара, на име Миљазим Рамадани, ул. „Сараевска“ бр. 38, Скопје. (4204)

Воена книшка на име Зоран Станчевски, ул. „Кирил и Методи“ бр. 18, Делчево. (4211)

Тековна сметка бр. 10098-02 и загубените чекови од бр. 21994953 до 21994970, издадени од Стопанска банка — Скопје на име Виолета Петрова, Скопје. (4213)

Тековна сметка бр. 15-50-02763-1 и чековите од бр. 2919391 до 2919400, издадени од Југобанка на име Љубица Никушевска, Скопје. (4214)

Чековна карта бр. 80710-15-50-114807 и чекови од бр. 3215145 до 3215150, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Табакова Слободанка, ул. „Марксова“ бр. 2-2/6, Титов Велес. (4215)

Тековна сметка бр. 4859-21, издадена од Стопанска банка — Куманово, на име Милчо Стоилковски, с. Стрезовце, Куманово. (4217)

Работна книшка на име Исат Јахија, Куманово.

Работна книшка, на име Виолета Стојаноска, с. Ковач, Македонски Брод. (4236)

Уверение за јавен превоз на име Назми Ализапов, Неготино. (4238)

Работна книшка на име Тимчо Митев, Струмица.

Чекови од бр. 3269442 до 3269445; од број 3269435 до 3269440; од бр. 3269441 до 3269450 и од бр. 3297971 до 3297980, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Тихомир Тодевски, Скопје. (4251)

Свидетелство за завршен Iви клас гимназија — смер биологија и хемија, издадено од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Тасевски Наумче ул. „Јанковец“, Ресен. (4258)

Воена книшка на име Јакуп Бислими, с. Седларево, Тетово. (4265)

Работна книшка на име Жаклина Трајкова, Струмица. (4275)

Тековна сметка бр. 15-50-240-997 и загубените чекови од бр. 269922 до 269930, издадени од Југобанка — Филијала — Тетово на име Снежана Настоска, Тетово. (4278)

Свидетелства за завршено I, II, III и IV клас и диплома за завршено Гимназија — лозаро-овоштарски смер, издадени од УЦСО „Јосип Броз Тито“ — Ресен на име Мишевски Б. Николче, с. Сливница, Ресен.

Тековна сметка бр. 15-5000708-6 и чекови од бр. 3411873 до 3411880, издадени од Југобанка — Скопје на име Тортески Славчо, ул. „Копенхагенска“ бр. 6-а, Скопје. (4997)

Полномошната издадени од Дивјакоски Димитрија од с. Крушеани — Прилепско во својство на в. д. директор на ПЗ „Напредок“ од с. Крушеани на лицата: Ибрахими Сабит од с. Кондово — Скопје, Кенани Исмаили, ул. „Партизански одреди“ број 7/4 — Скопје, Машиќ Хасан, ул. „Цлевеландска Цеста“ бр. 29, Љубљана и Туфеџиќ Живорад, ул. „Народне зашчите“ бр. 11/3 — Љубљана од 7—8 август 1989 година. (4998)

Полномошната од Лучески Тони, ул. „Цане Коњарец“ бр. 21, Прилеп во својство на в. д. директор на ПЗ „Напредок“ од с. Крушеани на лицата: Кенани Исмаили, ул. „Партизански одреди“ бр. 7/4 — Скопје, Ночевски Љупчо, нас. Стрчин — Битола, Антиќ Ранко, с. Варош — Урошевац, Туфеџиќ Живорад, ул. „Народне зашчите“ бр. 11/3 — Љубљана, Ибрахими Сабит, с. Кондово — Скопје, Крстиќ Или-

ја од Урошевац и Таири Вебија од Урошевац, од 8. IX. 1989, 25. VIII. 1989, 28. VIII. 1989, 1.I. 1989, 15. IX. 1989. (4999)

Работна книшка, издадена на име Николовски Орце, ул. „Милан Страчков“ бр. 2, Титов Велес.

Лична карта на име Назми Абдурамани, ул. „Кавкаска“ бр. 2, Тетово. (4290)

Возачка дозвола на име Назми Абдурамани, ул. „Кавкаска“ бр. 2, Тетово. (4291)

Работна книшка на име Драги Илиевски, Куманово. (4316)

Работна книшка на име Милан Младеновски, Кратово. (4449)

Воена книшка на име Сулејман Јакупи, с. Челопек, Тетово. (4456)

Свидетелство за III година, издадено од Техничкото училиште „Наце Буѓони“ — Куманово на име Ласте Јовановски, с. Стрезовце, Куманово. (4472)

Сервисна книшка бр. на мотор 1295951, бр. на шасија 00858545, издадено од „Црвена Застава“ — ООЗТ — Скопје на име Антоние Саздовски, Скопје.

Работна книшка на име Властимир Алексоски, Куманово. (4482)

Свидетелство за IV клас и положен завршен испит гимназиска насока на име Николиќ Славица, с. Љубојно, Ресен. (4487)

Пасош на име Усинова Зумбула, с. Градско, Титов Велес. (4489)

Пасош на име Усинов Илми, с. Градско, Титов Велес. (4490)

Работна книшка на име Агим Шерифи, Тетово.

Работна книшка на име Мирче Крстевски, Куманово. (4512)

Воена книшка на име Шерафедин Колчаков, ул. „Т. Пепето“ бр. 13, Кавадарци. (4518)

Сообраќајна книшка ОС — 640-12, на име Аки Алити, Тетово. (4520)

Работна книшка на име Ванче Ристов, Штип.

Тековна сметка бр. 79931-40 и чекови од број 24387761 до 24387770, издадени од Стопанска банка — Основна банка — Скопје на име Злата Крстиќ, Скопје. (4535)

Одобрение за електроинсталатер бр. 10-273 на име Меќаил Адаиљи, ул. „Борис Кидрич“ бр. 51, Гостивар. (4542)

Работна книшка на име Татјана Андреска, Гостивар. (4543)

Работна книшка на име Влатко Јефтимов, Кочани. (4549)

Решение У. П. бр. 12-6814/85 од 26. IX. 1985 година за вршење на водоинсталатерски дејности, издадено од СО — Центар — Скопје на име Тихомир Стојанов, Скопје. (4565)

Работна книшка на име Слаџан Ѓорѓијевски, Куманово. (4567)

Работна книшка на име Гафиз Адеми, Куманово.

Возачка дозвола и пасош на име Симон Митрески, с. Враниште, Струга. (4598)

Работна книшка на име Вели Демиров, Штип.

Работна книшка на име Златко Дамјанов, Кочани. (4628)

Работна книшка на име Сашо Грујиќ, Куманово.

Воена книшка на име Џафер Авдии, с. Одри, Тетово. (4647)

Работна книшка на име Севила Јашарова, Штип.

Работна книшка на име Иван Јанев, Кочани.

Работна книшка на име Џевад Зејниловиќ, Прилеп. (4661)

Работна книшка на име Енвер Сакиповски, Куманово. (4667)

Чековна карта бр. 412-29, издадена од Стопанска банка — Куманово на име Јовица Симоновски, ул. „М. Пијаде“, Куманово. (4668)

Работна книшка на име Лидија Станчевска, Куманово. (4672)

Работна книшка на име Стојче Филипов, Титов Велес. (4682)

Воена книшка на име Фаредин Ислами, с. Стримница, Тетово. (4686)

Пасош на име Фиданчо Ѓорѓиевски, ул. „Кирил и Методиј“, Делчево. (4721)

Сообраќајна дозвола ТГ 47-481 на име Маир Амити, с. Боговиње, Тетово. (4742)

Возачка дозвола, на име Маир Амити, с. Боговиње, Тетово. (4743)

Штедна книшка на име Јосиф Стоилов, с. Корбинци, Штип. (4746)

Работна книшка на име Драган Гоцевски, Делчево. (4750)

Работна книшка на име Виолета Павлова, Радовиш. (4751)

Тековна сметка бр. 3298443 на име Горан Дикиќ, ул. „Војо Карастојанов“ бр. 10, Куманово. (4756)

Работна книшка на име Шабан Рустеми, Гостивар. (4763)

Работна книшка на име Зија Ибраими, Гостивар.

Работна книшка на име Нафија Пајазити, Гостивар. (4782)

Работна книшка на име Садик Зеќири, Гостивар. (4784)

Воена книшка, издадена во М. Брод на име Огненоски Благоја, с. Русјаци, Македонски Брод.

Воена книшка на име Борче Спасевски, с. Бизово, Македонски Брод. (4790)

Работна книшка на име Дуран Хајруни, Гостивар. (4797)

Работна книшка на име Шефик Исеини, Гостивар. (4798)

Возачка дозвола на име Анче Атанасов, с. Нивичани, Кочани. (4802)

Пасош бр. 42987, издаден од СВР — Крушево, на име Семајтин Зенолоски, с. Житоше, Крушево.

Одобрение УП. бр. 12-8489 за основање леблебиџиски дуќан, издадено од СО — Центар — Скопје на име Алија Фејзуловски, Скопје. (4809)

Работна книшка на име Енвер Стефановски, Куманово. (4812)

Работна книшка на име Снежана Белкоческа, Струга. (4813)

Работна книшка на име Хајдин Љика, Тетово.

Воена книшка на име Јасмин Керими, с. Раковец, Тетово. (4817)

Сервисна книшка бр. 217122, издадена од ЗЦЗ — ООЗТ „Промет и сервис“ — Скопје на име Пехчевски Бранко, ул. „Желево“ бр. 3/II/8, Скопје. (4834)

Одобрение за автопревозник У. бр. 12-1158 од 22. III. 1984, издадено од Собрание на општина Центар на име Куртовиќ Јусуф, ул. „Серава“ бр. 7, Скопје. (4853)

Воена книшка, на име Рахмани Тосум, ул. „А. Демниев“ бр. 49, Титов Велес. (4857)

Работна книшка на име Џелал Умери, Тетово.

Возачка дозвола на име Душко Јанковиќ, ул. „М. Исаева“ бр. 1, Тетово. (4864)

Тековна сметка бр. 155001246, издадена од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Томислав Маниќ, Скопје. (4875)

Тековна книшка бр 80710-1550-11418-0 и чекови од бр. 3264081 до 3264090 (10 чека) ,издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Митев Благоја, ул. „Лазар Поп-Трајков“ бр. 36, Скопје. (4877)

Чекови од бр. 3233291 до 3233300, издадени од Југобанка — Основна банка — Скопје на име Живанка Павлова, Скопје. (4878)

Работна книшка на име Муса Таири, Куманово.

Одобрение за угостителски дуќан на име Стефан Мемедали, ул. „Бр. Блажевски“ бб, Гостивар.

Сообраќајна дозвола МС — 748-47, на име Неџмије Ибраими, с. Врапчиште, Тетово. (4892)

Работна книшка на име Благица Ѓорѓиева, Кочани. (4895)

Свидетелство за I година гимназија, издадено од „Моша Пијаде“ — Крива Паланка на име Јакимовски Драган, с. Љубинци, Крива Паланка. (4900)

Работна книшка на име Васко Стаменков, Виница.

Решение за вршење автопревоз, издадено од СО Центар — Скопје на име Драган Малушовски, Скопје.

Работна книшка на име Бари Бариевски, Ресен.

Воена книшка на име Гајур Шерифи. с. Г. Палчиште, Тетово. (4933)

Работна книшка на име Верица Стојчева, Гостивар. (4943)

Возачка дозвола и книшка од кола на име Нешат Алиу, с. Чегране, Гостивар. (4948)

Чековна карта бр. 155000 7192, издадена од Југобанка — Основна банка на име Јордан Василев, Скопје. (4953)

Чекови од бр. 3212351 до 3212360 и од 3214271 до 3214280, издадени од Југобанка — основна банка — Скопје на име Андреја Ербежник, Скопје. (4973)

Воена книшка на име Киро Цветаноски, М. Коњари, Прилеп. (4974)

Работна книшка на име Фаик Билали, Куманово.

Работна книшка на име Синиша Јовановски, Куманово. (4978)

Воена книшка бр. АШ 057392 на име Јован Лазаров, с. Прдејци, Гевгелија (4980)

Воена книшка на име Исмаил Сејдани, с. Ларце, Тетово. (4981)

Лична карта на име Неас Абази, с. Синичани, Тетово. (4982)

Воена книшка на име Неас Абази, с. Синичани, Тетово. (4983)

Воена книшка на име Неџат Идризи, с. Палчиште, Тетово. (4984)

Свидетелства од I до III година и диплома на име Амет Амети, Тетово. (4985)

Работна книшка на име Предраг Томовски, Тетово. (4986)

Работна книшка на име Аагим Куртеши, Тетово.

Работна книшка на име Александар Ѓорѓиев, Делчево. (4992)

Работна книшка на име Исмаил Шабанов, Радовиш. (4993)

Работна книшка на име Шериф Дервишовски, с. Октиси, Струга. (5007)

Работна книшка на име Радица Савеска, Гостивар. (5019)

Работна книшка на име Сејфула Халити, Гостивар. (5020)

Работна книшка на име Киро Петров, Виница.

Воена книшка на име Сашко Станковиќ, ул. „Народна Револуција“ бр. 20, Куманово. (5030)

Работна книшка на име Драган Абазовски, Крива Паланка. (5035)

Работна книшка на име Фетија Синаноски, с. Лабуниште, Струга. (5036)

Одобрение за јавен превоз бр. 15-1532-1106 на име Цветан Здравевски, Тетово. (5038)

Возачка дозвола на име Гоце Стојаноски, ул. „Борис Кидрич“ бр. 157, Гостивар. (5040)

---

## ОБЈАВА

Врз основа на член 35 од Општественот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ“ бр. 18/87), Координациониот одбор

## ОБЈАВУВА

1. Во точката 2 од Објавата од Координациониот одбор („Службен весник на СРМ“ бр. 35/89), износот „2.120.000 динари“ (просечен месечен пресметан чист личен доход по работник без средства за непосредна заедничка потрошувачка за периодот јануари-септември 1989 година), се заменува со износот „2.358.000 динари“.

2. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник без средствата за непосредна заедничка потрошувачка за октомври 1989 година изнесува 8.300.000 динари.

3. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник без средствата за непосредна заедничка потрошувачка за периодот јануари-октомври 1989 година изнесува 2.952.000 динари.

4. Точката 4 од Објавата од Координациониот одбор („Службен весник на СРМ“ бр. 35/89) се менува и гласи:

„Просечните стапки на акумулативност во стопанството на СРМ и на сродните дејности за периодот јануари-септември 1989 година и периодот јануари-декември 1989 година изнесуваат:

| | 1989 I—IX | 1989 I—XII |
|---|---|---|
| | во % | |
| Вкупно стопанство | 2,5 | 2,8 |
| 0102 — производство на јаглен | 2,0 | 2,5 |
| 0105 — производство на деривати на нафта | 0,0 | 0,5 |
| 0108 — производство на руди на обоени метали | 3,5 | 4,0 |
| 0109 — производство на обоени метали | 4,0 | 4,5 |
| 0110 — преработка на обоени метали | 0,5 | 0,6 |
| 0111 — производство на неметали | 1,4 | 1,6 |
| 0112 — преработка на неметали | 5,0 | 5,5 |
| 0114 — машиноградба | 2,0 | 2,2 |
| 0115 — производство на сообраќајни средства | 1,7 | 1,9 |
| 0118 — производство на хемиски производи | 1,7 | 1,9 |
| 0119 — преработка на хемиски производи | 1,2 | 1,3 |
| 0120 — производство на камен и песок | 2,9 | 3,2 |
| 0122 — производство на режана граѓа и плочи | 5,3 | 5,9 |
| 0129 — производство на каучук | 0,5 | 1,0 |
| 0130 — производство на прехрамбени производи | 1,8 | 2,0 |
| 0131 — производство на пијалоци | 4,8 | 5,4 |
| 013320 — преработка на тутун | 2,0 | 2,2 |
| 0134 — графичка дејност | 2,0 | 2,2 |
| 0135 — доработка, преработка и производство на суровини од отпадоци | 20,0 | 20,0 |
| 0139 — производство на разновидни производи | 5,2 | 5,8 |
| 0201 — земјоделско производство | 0,8 | 0,9 |
| 0202 — земјоделски услуги | 3,7 | 4,1 |
| 0203 — рибарство | 0,8 | 1,0 |
| 0300 — шумарство | 1,1 | 1,2 |
| 0400 — водостопанство | 0,3 | 0,5 |
| 0501 — високоградба | 3,1 | 3,5 |
| 0502 — нискоградба и хидроградба | 5,8 | 6,5 |
| 0503 — инсталациони и завршни работи | 8,2 | 9,2 |
| 0604 — воздушен сообраќај | 3,4 | 3,8 |
| 0606 — градски сообраќај | 0,6 | 0,7 |
| 0609 — ПТТ услуги | 1,9 | 2,1 |
| 0701 — трговија на мало | 2,0 | 2,5 |
| 0702 — трговија на големо | 8,9 | 9,9 |
| 0703 — надворешна трговија | 5,0 | 7,0 |
| 0801 — угостителство | 1,0 | 1,1 |
| 0900 — занаетчиство | 3,3 | 3,7 |
| 1003 — комунална дејност | 0,2 | 0,3 |
| 1102 — осигурување имоти и лица | 6,4 | 7,2 |
| 110202 — лотарии и кладилници | 15,0 | 15,0 |
| 1104 — проектирање и сродни услуги | 5,0 | 5,2 |
| 130233 — професионална рехабилитација и вработување на инвалиди | 0,5 | 0,5 |

Организациите од дејностите кои не се опфатени во прегледот, ја применуваат планираната просечна стапка на акумулативност на стопанството на СРМ.

Стапките на акумулативност се пресметани според Методологијата на Сојузниот извршен совет, врз основа на ознаките од АОП од образецот од периодичните пресметки според формулата

$$\frac{359}{101} \times 100$$

На ист начин да се пресметуваат и искажуваат остварените стапки на акумулативност во образецот „ППМ“ — Пресметка за примена на мерилата, при поднесувањето на периодичната пресметка за периодот јануари-септември 1989 година.

Координационен одбор
Претседавач,
**Душан Петрески,** с. р.

**Во издание на НИРО Службен весник на СРМ наскоро ќе излезе од печат**

**ЗБИРКА**
**НА СОЈУЗНИ ПРОПИСИ**
**ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО**

**Збирката ги содржи:**
1. **Законот за претпријатијата,**
2. **Законот за основните права од работниот однос,**
3. **Законот за финансиското работење,**
4. **Законот за сметководството,**
5. **Контниот план и други придружни прописи.**

**Во збирката се вградени предговор и регистри на поимите за законите.**

**Збирката ќе излезе од печат во месец ноември 1989 година.**

**Цена на збирката во претплата е 200.000 динари.**

**Порачки се примаат на адреса: НИРО Службен весник на СРМ, жиро сметка 40100-603-12498, п. фах. 51 — Скопје.**

## СОДРЖИНА

Страна

686. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 677
687. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за вршење задолжителна здравствена контрола на растенијата кои се извезуваат — — — — — — — — 677
688. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — 677
689. Решение за разрешување и именување членови на Комисијата за нуклеарна енергија — — — — — — — — — — — 678
690. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за народна одбрана 678
691. Решение за разрешување од должноста советник на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — — 678

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

297. Одлука за еднократна вонредна исплата на додаток на деца во месец ноември 1989 година — — — — — — — — 678
298. Одлука за еднократна вонредна исплата за посебен додаток во месец ноември 1989 година — — — — — — — — 679
299. Одлука за изменување и дополнување на наставниот план за основно воспитание и образование на албански, турски и српскохрватски јазик — — — — — — 679
300. Одлука за донесување на усовршен наставен план и програми за основно образование на возрасните — — — — — 679
301. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — — — 680
302. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1989 година — — — — 680
303. Одлука за најнизок износ на пензија од 1 октомври 1989 година — — — — — 681
304. Одлука за граничниот износ на најниското пензиско примање од 1 октомври 1989 година — — — — — — — — 681
305. Одлука за измена на Одлуката за граничниот износ од најниското пензиско примање од 1 септември 1989 година — 682
306. Одлука за измена на Одлуката за најнизок износ на пензија од 1 септември 1989 година — — — — — — — — 682
307. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје 682

ГОСТИВАР

308. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стапката за обезбедување (здружување) на средства за здравствена заштита на работниците за 1989 година 682

ДЕМИР ХИСАР

309. Одлука за престанок на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Демир Хисар — — — — 683

КРИВА ПАЛАНКА

310. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварување на здравствена заштита — — — — — — — — — 683
311. Одлука за утврдување надоместок на трошоци за закоп на корисниците на здравствена заштита — — — — — — — 683
312. Решение за именување на секретар на Собранието на ОСИЗ и раководител на Работна заедница — — — — — — 684

СТРУМИЦА

313. Одлука за стапките на придонесите за здравствена заштита на корисниците — работници — — — — — — — — 684
314. Одлука за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош на корисниците од здравствена заштита — — — — — — — — — 684
315. Одлука за висината на надоместокот на патните трошоци за исхрана и сместување на осигурените лица — корисници работници за време на патувањето и престојот во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — 685
316. Одлука за учество во трошоците за здравствена заштита на корисниците — земјоделци — — — — — — — — — 686

РАДОВИШ

317. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Радовиш — 687

ТЕТОВО

318. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Тетово — — — — — 687

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје. ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**